Dali
4 YOUTH

# DALI4YOUTH

## Newsletter #1

Септември 2022

## За проектот

Проектот ги таргетира **младите работници** и **младите луѓе**, особено NEET, да ги подготви да се соочат со тековните потреби на младинскиот сектор по пандемијата COVID-19, преку стекнување повеќе и подобрени **дигитални вештини**, повисоко ниво на **креативност** и **поголема свест** за ситуацијата со која NEET се соочуваат.
Бидејќи младите се силно заинтересирани за дигитални технологии, а уметноста е одлично средство да се изразат себеси и да се поврзат со другите, комбинирањето на овие два елементи ќе успее да ја промовира социјалната вклученост.

## Цели и Задачи

Проектот има за цел да ги **зајакне знаењата и компетенциите на младинските работници** за ИКТ алатките за создавање инклузивни средини во нивната секојдневна практика.

Основната цел е да ги направи младите поспособни **да влезат на пазарот на трудот** и да преземат активна улога во општеството.

Проектот ќе даде приоритет на **развојот на дигиталните вештини преку креативност и уметност**, и подигање на свеста за важноста на **социјалната вклученост** кај младите NEETS, честопати жртви на стереотипите кои водат до социјална исклученост.

За да се исполни целта, проектот ќе развие **онлајн КОМПЛЕТ за обука** фокусиран на **дигиталната уметност**, кој ќе ги таргетира младинските работници. Потоа ќе следи креирање на апликација со едукативна игра, базирана на потребите, интересите и трендовите на NEET. Последниот производ на проектот ќе биде воспоставување **младински мрежи** во областа на Дигиталната уметност.

# Резултати

Во текот на проектот и откако ќе биде завршен, краткорочно се очекува партнерите да:

- да изврши **мапирање на вештините и компетенциите на младинските работници;**
- воспоставување на методологијата и рамката за онлајн КОМПЛЕТ за обука;
- Подготвување на **онлајн КОМПЛЕТОТ за обука** за младинските работници и спроведување **пилот тест** на КОМПЛЕТОТ;
- дефинирање на **содржината на обуката и педагошката структура** заедно со дизајнот и развојот на макро структурата на онлајн играта за обука;
- **воспоставување младински мрежи** на ниво на ЕУ за зајакнување на соработката;
- креирање **онлајн платформа за учење.**

Долгорочните резултати вклучуваат: **поопшто знаење** за дигиталната уметност и нејзиниот **потенцијал** како алатка за **социјална и работна вклученост** и подобрени дигитални вештини на младинските работници и младите луѓе, тесно поврзани со уметноста и креативното изразување.

# онлајн КОМПЛЕТ за обука

Првиот резултат на проектот што е завршен е развојот на онлајн КОМПЛЕТ за обука структуриран во 5 модули:

**Дигитална уметност во теорија:** Педагошки стратегии во неформални/информални контексти за поттикнување на креативноста и мотивацијата на младите, особено млади кои веќе не се дел од образовниот систем и се невработени NEETS (Ici & Ailleurs);
**Дигитална уметност во акција**: Совети и практични активности за подобрување на уметничките и дигиталните вештини кои ќе придонесат кон зголемување на можностите за вработување и доживотно учење (Open Europe);
**Дигитална уметност во пракса I:** алатки и техники (Foundation Zini);
**Дигитална уметност во пракса II:** добри практики и студии на случај (Волонтерски Центар Скопје);
**Дигитална уметност и европски врски:** препораки за имплементација и адаптација на стратегии за дигитална уметност во специфични младински контексти (CRES).

За да дознаете повеќе, кликнете **овде.**



# Почетниот состанок во Рига (13ти-14ти Април 2022)




На 13 и 14 април 2022 година, партнерите се собраа во Рига, Латвија, на почетниот состанок на проектот DALI4Youth.

За време на состанокот, членовите од различните организации имаа можност да се запознаат лице в лице и да научат повеќе за меѓусебната стручност и искуство.

Партнерите разговараа за она што е направено досега, особено за создавање и спроведување на анкетите за младински работници и развој на проектот на социјалните медиуми. Дополнително, беше спроведена дискусија за комплетот за онлајн обука, за да се осигура дека сите партнери ќе можат да придонесат според нивното практично знаење.

Конзорциумот има корист од личното состанување, бидејќи е воспоставена пријателска работна средина, која придонесе за зајакнување на соработката и подготвеноста да се помогне секогаш кога ќе се појави проблем во следните месеци.

Партнерите ќе се сретнат повторно во Рим, Италија, во декември 2022 година за да го финализираат Резултатот 2 и да ја проверат имплементацијата на Резултатот 3.

## Партнерите

Ici & Ailleurs

OPEN EUROPE

ZINI FOUNDATION FOR INNOVATION AND EDUCATION

VOLUNTEERS CENTRE SKOPJE

CRES Centre for Research and European Studies

## Follow us

@Dali4Youth

@dali4youth

dali4youth.eu

Co-funded by the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува гледиштата единствено на авторите, и Комисијата не може да биде биде повикана на одговорност за каква било употреба на информациите содржани во неа